M05/1/A1MAC/SP1/MAC/TZ0/XX

22050183

**MACEDONIAN A1 – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Tuesday 3 May 2005 (morning)
Mardi 3 mai 2005 (matin)
Martes 3 de mayo de 2005 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only. It is not compulsory for you to respond directly to the guiding questions provided. However, you may use them if you wish.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages. Le commentaire ne doit pas nécessairement répondre aux questions d'orientation fournies. Vous pouvez toutefois les utiliser si vous le désirez.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento. No es obligatorio responder directamente a las preguntas que se ofrecen a modo de guía. Sin embargo, puede usarlas si lo desea.

Коментирајте ЕДЕН од следниве

**1.** (а)

"Нашите баби"

Песни се имаат пеано
за мене и за сестрите мои
за мајчинство
и длабочина на нашата саможртва.

Ги имам повикано
цутовите на пролетта
и ги имам залудено
момчињата што ми го слушаа
гласот кога пеев.

Имам потресено планини
со пискотиите на моето тажење.

Јас сум таа што беше
во црно облечена
за безбројни столетија
кога ја миев крвта
од моите синови и ќерки.

Духот мој протегнат
преку безграничните крвни зори
и песните што ме слават
се со црни мантии
што ги завиваат моите умрени деца.

Но јас не паднав
во црната дупка на очајот.
Сакам песните да продолжат
сакам милите мои да ги слушаат
сакам и тие да го доживуваат
вкусот на крвните зори.

од Џим Томев, <u>Фрагменти,</u> 1990

– Дискутирајте за стилот на песната.

– Коментирајте го значењето на фразата: “Сакам песните да продолжат...”.

– Коментирајте го значењето на насловот- “Нашите баби”.

– Дискутирајте за “расказот” на песната.

**1.** (b)

Извадок од “Човек на покривот”:

Долу, на четвртиот кат, знаеше, крештаво закркоре радиото со прегорен електролит, живнаа и други шумови од дворот и низ отворените прозорци во куќата. Меѓу нив се провлече неколкупати гласот на жената, го викаше, го позна гласот меѓу искинатите шумови. Остана така на покривот, само се одвои од железата на рекламата за аспирин и се поттргна два чекори од работ над улицата. Жената го викаше наглас некаде долу, од утробата на куќата, но тој не се огласи и не дојде натаму, остана тука на покривот. Со погледот шеташе по покривите од околните куќи, во тој сплет од нерамни и испревртени кубови, ги гледаше низ измаглината на квечерината.

Тогаш ја чу жената како го вика од терасата.

- Милане, каде си? Што си се искачил таму?

- Дојди горе.

- Слези ти. Што барам горе.

- Дојди. Ќе видиш.

Тој се наведна преку работ на покривот над терасата, ја пречека со обете раце и несмасно тешко ја крена преку ѕидот. Низ нејзините раце течеше едно лесно потреперување, како да поминува низ нив некој далечен бран на страв.

Жената се доближи до работ од покривот над улицата и веднаш се стресе од вртоглавата замајливост на длабочината, напластена густо со квечерината, со недогледно дно, па се отфрли назад кон телото на мажот, удирајќи се во него и опрлувајќи се со трескава врелина и незапирливо треперење.

- Зошто стоиш тука? Не се плашиш...

- Не. Од што би се плашел?

Жената исплашено сподави во себе крик.

- Ти... како нешто да мислиш...

- Што ти паѓа на ум! Дојди, седни тука.

- Ова ти е третпат како си тука. Секогаш кога ќе се изнервираш, се качуваш на покривов!

- Седни, ти велам...

- Не. Да слеземе. Што ќе правиме тука?

- Ништо. Ќе поседиме додека се стемни, после ќе слеземе... - рече мажот и ја седна покрај себе

извадок од расказот од Јован Бошковски, од <u>Тајна одаја</u>, 2000.

- Коментирајте го начинот на кој авторот ја претставува тензијата.
- Дискутирајте за вознемиреноста на жената.
- Дискутирајте за одговорот на мажот.
- Коментирајте го раскажувачкиот стил во изводокот.